*45 years of manufacturing excellence*

Hi-Tech Corp. (www.hitech.com.mk) е водечки европски производител на електронски печатени плочи. Преку посветување на нашите над 200 вработени, се посветуваме на технолошката експертиза и квалитетот на нашите производи кои ги надминуваат очекувањата на нашите клиенти.

А нашите клиенти се едни од најголемите светски брендови. Нашите електронски печатени плочи се применуваат во: CERN акцелератор, Williams Racing и Audi F1 тимовите, Ferrari SF90 и 488, Mercedes AMG, медицинската индустрија (респиратори, магнетна резонанца, CT), комерцијални сателити, ARRI камери и опрема за видео пренос на Олимписките игри во Париз 2024), авионите Airbus и Boeing, апаратите на Bosch и Siemens...

Во моментов отворено е следното работно место:

## АДМИНИСТРАТИВЕН РАБОТНИК

**Основна цел на работното место:**
Извршување административни и оперативни задачи со цел обезбедување навремена, точна и професионална поддршка на секојдневното функционирање на компанијата.

**Опис на работно место:**
- Прием, обработка и архивирање на документација
- Внесување и ажурирање на податоци
- Подготовка на дописи и други административни материјали
- Комуникација со соработници (по телефон и е-mail)

**Што бараме:**
- Завршено средно или високо образование
- Со или без работно искуство
- Одлично познавање на MS Office (Excel, Word)
- Одлични комуникациски и организациски вештини
- Прецизност, одговорност и дискретност

**Што нудиме:**
- Работа во стабилна и динамична средина
- Организиран превоз од Скопје (фабриката се наоѓа во с. Орешани - Зелениково)
- Обезбедена храна
- Приватно здравствено осигурување за лојални вработени
- Можност за професионален развој и напредување

Доколку сакате да станете дел од тимот кој работи за најголемите брендови низ целиот свет, доставете кратка биографија на емаил hr@hitech.com.mk најдоцна до 14.12.2025 година.

Hi-Tech Corp. обезбедува еднакви можности за вработување на сите кандидати и води посебна грижа за заштитата на лични податоци и за доверливоста на Вашата апликација.
Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.

Со самото аплицирање за работната позиција, вие се согласувате дадените лични податоци да се користат/обработуваат од страна на Hi-Tech Corp. и тоа само за процесот за селекција на кандидатите. Кандидатите можат согласноста за обработка на личните податоци да ја повлечат во секое време со доставување на барање на hr@hitech.com.mk.